СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2009 – 2011



# Стратешки план
# Сојуз на стопански комори на Македонија
# 2009 – 2011

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

*Дел од активностите дефинирани во стратешкиот план*
*ќе бидат финансиски поддржани од*
*Македонската развојна фондација за претпријатија*

**МРФП**

АГРО-БИЗНИС КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

ИНДУСТРИСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

ИКТ КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

ТРГОВСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

# СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

УСЛУЖНА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

ТУРИСТИЧКО-УГОСТИТЕЛСКА
КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

СМЕТКОВОДСТВЕНА
КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ГРАДЕЖНА
КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**_Содржина_**

*Сојуз на стопански комори на Македонија Водечка македонска деловна мрежа.......................5*

*1. Рамка на стратешкиот план ..........................................................................................6*
*1.1. Изјава за проблемот ................................................................................................6*
*1.2. Позначајни остварени резултати и активности на ССК ..................................................8*
*1.3. Пристап и стратегија ................................................................................................11*
*1.4. Стратешки цели ......................................................................................................11*

*2. Визија, мисија и долгорочни цели на ССК ..................................................................13*

*3. Активности, показатели и резултати ..........................................................................16*

*4. Што може ССК да направи за Вас ..............................................................................18*

*5. Деловната мрежа Сојуз на стопански комори на Македонија ..........................................20*

*6. Клубови на стопанственици .......................................................................................21*

*7. Организациона структура на Сојуз на стопански комори на Македонија ............................22*

*Порака од раководството*

*Почитувани,*
*Задоволство ни е да Ви го претставиме Стратешкиот план на Сојузот на стопански комори на Македонија (ССК) за периодот од 2009 до 2011 година. Со деловна мрежа од над 1000 фирми членки, изработивме стратегија за развој на коморското работење и еден поинаков пристап за решавањето на проблемите на компаниите и подобрување на конкурентноста.*
*Активностите кои се дел од стратешкиот план на ССК чие спроведување е финансиски поддржано од страна на Македонска развојна фондација за претпријатија ќе придонесат кон остварување на следните резултати:*

- *Зголемена достапност и квалитет на бизнис информации и можности за членките на ССК*
- *Подобрено деловно опкружување за развој на бизнисот*
- *Подобрен капацитет на членките на ССК*
- *Подобрена соработка со релевантни институции*
- *Зголемување на свеста и промоција на коморско работење*

*Сојуз на стопански комори од својот почеток до сега, покажа дека е сериозен партнер на државните институции и убеден сум дека и во иднина ССК ќе работи на унапредување на македонското деловно опкружување.*
*Бидете и Вие дел од водечката македонска деловна мрежа.*

**Златко Калеников**, претседател
Сојуз на стопански комори на Македонија

## ***Сојуз на стопански комори на Македонија***

*Водечка македонска деловна мрежа*

Сојузот на стопански комори на Македонија („ССК“) е формиран во 2004 година како самостојна, независна, неполитичка и непрофитна организација во која се здружени следните стопански комори: Индустриска комора, Трговска комора, Услужна комора, Агро-бизнис комора, ИКТ комора, Туристичко-угостителска комора, Сметководствена комора и Градежна комора. Трговската комора Македонија, Индустриската комора Македонија и Услужната комора Македонија се регистрирани во судскиот регистар во септември 2004 година, според Законот за стопански комори од 2002 година. По основањето гранските комори се стапени во сојуз и во септември 2004 година го формираат Сојуз на стопански комори на Македонија („ССК“).

Во јули 2005 година кон ССК се приклучи Агро-бизнис комората, а во декември 2005 година и Комората за информатичко-комуникациска технологија и услуги („ИКТ комора“). Како шеста комора при ССК, во април 2008 година, беше формирана и Туристичко-угостителската комора („ТУК“), во ноември 2009 година како седма комора во ССК се формираше Сметководствената комора, а во декември 2009 година се формира Градежна комора.

Во гранските комори при ССК членуваат и активно учество заземаат следните групации: Групација на импортери на моторни возила, Групација за тренинг и консалтинг, Групација за производители на вино во Р.М., Групација на импортери на мотоцикли, Групација на импортери на товарни моторни возила и приклучни возила, Групација на сервисери за ладилна техника, Групација на приватни здравствени установи и лаборатории, Групација на веледрогерии и аптеки (специјализирани продавници) за промет на медицински помагала и Национална федерација на агенции за привремени вработувања.

Повеќето од членките се мали и средни претпријатија кои претставуваат движечка сила во македонската економија. ССК е значаен фактор за Македонија бидејќи претставува клучен елемент во развојот на приватниот сектор.

# 1. РАМКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА ССК

## *1.1.Изјава за проблемот*

Земајќи го во предвид краткото, но значајно искуство на ССК, земајки ја во предвид својата улога во креирањето на деловната политика во државата, во поглед на соработката и запознавањето со работата на македонските компании, воедно и со нивните тековни деловни проблеми и недостатоци, во продолжение се претставени неколку стратешки проблеми на македонското деловно опкружување кон кои ССК максимално ќе се посвети за нивно решавање – реализирајќи го Стратешкиот план за 2009-2011 гдина. Со неговата реализација, од една страна се очекува постигнување на значајни резултати и конкретни бенефити за македонките компании, а од друга страна зголемување на капацитетот, препознатливоста и квалитетот на услугите на ССК кон своите членки. Во продолжение се претставени некои од конкретните проблеми за кои ССК ќе се залага за успешно решавање во следниот период:

• Недостапност до релевантни информации.  Успешноста на една компанија е тесно поврзана со добивање на навремени и релевантни бизнис информации. За таа цел потребно е да се обезбеди подобар проток на информации во рамки на ССК, помеѓу компаниите членки со цел следење на најновите актуелни информации и трендови како во домашното – така и во интернационалното бизнис работење.

• Подобрување на деловното опкружување, претставува еден непрекинат процес за креирање на поголем допринос од страна на ССК за креирање на подобрување на целосната

бизнис клима во државата. Ова повлекува со себе прашања како што се, креирање на влијателна лоби група, професонален експертски тим со цел издејствување на значителни значителни промени за олеснувањето на водење бизнис во Р. Македонија

• Недоволен капацитет на македонските компании, членки на ССК. Воочена е очигледна потреба за внатрешно јакнење на компаниите овозможувајки и квалитетни тренинзи и обуки во разни полиња кои се значајни за развој на нивниот бизнис, Дополнителен аспект во подобрувањето на капацитетот на компаниите претставува градењето на бизнис мрежа со цел заедничко делување на компаниите под оддредени прашања и можноста за промоција на своите производи.

• Недоволна соработка на ССК со релевантните Владини институции и е од големо значење со цел навремено вклучување во креирањето на законските норми и регулативи кои се тесно поврзани со водењето на бизнис. За таа цел е многу битно вклучување на претставници на ССК во сите работни тела и групи со цела навремено претставување на ставовите на бизнис заедницата поткрепени со конкретни примери и предлози. Во оваа стратешка цел, како фактор со големо значење може да се појави и соработката со реномирани стопански комори од регионот со цел размена на позитивни искуства и “know how”.

• Ниска свеснот кај македонските компании за значењето на коморското работење креира потреба за креирање на квалитетна ПР стратегија на ССК како и подобрен однос и контакт со медиумите. Ова би допринело за градење на препознатлив бренд од ССК при што би се добил крајниот ефект за подобрување на свесноста на компаниите за значењето на коморското

работење и потребата за нивното припаѓање на деловна мрежа каква што е ССК. Воедно, би се остварила планска, континуирана застапеност на ССК во јавноста според претходно проектиран план.

• Недоволни организацските капацитети на стручните служби на ССК со цел подобро и поорганизирано делување во извршувањето на секојдневните обврски, подобар проток на тековните информации. Ова би се постигнало до одреден степен со имплементација на стандардот ИСО 9001:2000, но зголемувањето на вештините на стручните служби е тесно поврзано со посетување на квалитетни обуки и тренинзи.

## 1.2.Позначајни остварени резултати и активости на ССК

Од своето формирање во 2004 година па до денеска, Сојузот на стопански комори на Македонија има постигнато повеќе значајни резултати во поглед на подобрувањето на условите за водење бизнис во нашата држава како и јакнење на капацитетот и промоција на македонските компании. Некои од позначајните активности на ССК се:

• ССК во 2005 година имплементира проект во соработка со СЕЕД, за изработката на Стратегијата и Акциониот план на Сојузот на стопанските комори на Македонија.

• Во 2006 година потпиша Договор за промоција на про-бизнис средина со Британската Влада преку Амбасадата во РМ за спроведување на едногодишен проект за развој на МСП.

• Од април до јуни 2006 година заедно со МРФП го спроведува проектот „Активности за подобрување на конкурентноста“.

• Во април 2007 година го потпиша Договорот за проект за подобрување на конкурентноста

на малите и средни претпријатија.

Сојузот на стопански комори со цел разгранување и поголемо делување на локално ниво, зголемување на соработката со локалната економска самоуправа и воспоставување на меѓусебни бизнис релации и заеднички настап во решавањето на специфичните потешкотии со кои се соочуваат стопанствениците на локално ниво, отвори свои локални канцеларии и тоа во Битола, Гевгелија, Штип, Тетово, Охрид, Прилеп и Струмица.

ССК како потреба иницирана од страна на компаниите членки на ССК за подобрување на меѓународната соработка организираше повеќе Бизнис форуми кои претставуваат можност компаниите директно да воспостават контакти со странските компании и да остварат понатамошна соработка. Се организираа Бизнис форуми со стопанственици од Бугарија, Словенија, Шпанија, а стопанственици како дел од владината делегација присуствуваа на Бизнис форуми во Турција, Словенија, Америка, Албанија, Косово, Украина, Израел и др.

Со цел подигање на претприемачкиот дух и културата во РМ и промовирање на успешни претприемачи ССК во соработка со други организации два пати го организира настанот Претприемач на годината, кој станува препознатлива алатка за поттикнување на малите и средни претриемач и давање на поттик во нивното работење.

Со цел зајакнување на севкупната економија како и зајакнување на меѓународното поврзување и линкување со странски компании ССК организира официјални посета на стопанските комори во Хонк-конг, Шангај, Куба, Глазгов.

ССК со цел запознавање на членките со новините во областа на законодавството организираше советување за новите законски прописи со практични примери од областа на сметководството, финансиите, даноците и др.законски прописи од деловното работење.
Дополнително, ССК организираше голем број на деловни средби со одредени државни советници каде се разгледуваат теми по определни области.

Со цел воспоставување на соработка, полесен приод до информации и нивна дисеминација до МСП, ССК потпиша Меморандуми за соработка со повеќе домашни и меѓународни институции: Стопанската комора од Глазгов, Стопанска комора Катовице - Полска, Влада на Р. Македонија - со цел воспоставување на соработка во спроведувањето на проектот Регулаторна гилотиња, КСС, ИФЦ, Светска банка - со цел да се реализираат активности за доближување на медијацијата како алтернативен, ефикасен и поевтин начин на решавање на споровите,  до членките на ССК, Машински факултет – Скопје и др.

***Преземени иницијативи на ССК во врска со економската криза:***

Сојузот на стопански комори во своите долгорочни преговори за намалување на влијанието на економската криза врз македонското стопанството, достави и иницираше конструктивни дискусии со Владата на РМ и ресорните министерства, на кои предложи повеќе економски мерки.

Согласно изјавувањето на реалните проблеми на стопанствениците, Владата од предлог мерките на ССК ги усвои:

- намалување на расходите на буџетот кои се однесуваат на непродуктивни проекти

- усогласување на монетарната и фискалната политика
- субвенционирање на дел од каматите на компаниите
- задолжување во странство за покривање на буџетските расходи (задолжување во странство)
- скратување на времетраењето на постапката за поврат на данок на додадена вредност – ДДВ
- ефикасна исплата на долговите на државата кон приватниот сектор

Преку усвојување на дел од предложените мерки од ССК до Владата, ССК го потврдува своето функционирање како значаен партнер на Владата.

## 1.3.Пристап и стратегија

Сојуз на стопански комори на Македонија пристапи кон процесот на стратешко планирање со една единствена цел, а тоа е добивање на квалитетен стратешки план според кој ќе се добијат главните насоки на идното делување на ССК.
ССК во овој дел ја дефинира целната група како и целната област кои ќе бидат клучни во успешно спроведување на предвидената стратегија:

## 1.4.Стратешки цели

Како резултат на овие прецизно дефинирани проблеми и сегменти на кои е потребно да се посвети особено внимание во идното работење на ССК, по автоматизам е дефинирана

потребата за реализацијата на поставените стратешки цели:

**1.** Зголемена достапност до информации за бизнис можности за членките на ССК

**2.** Подобрено деловно опкружување за развој на бизнисот

**3.** Подобрен капацитет на членките на ССК

**4.** Подобрена соработка со релевантни институции

**5.** Зголемување на свеста и промоција на коморското работење

**6.** Зголемени и подобрени организациски капацитети на ССК

## 2. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ НА ССК

***Визија***

Водечка македонска деловна мрежа

***Мисија***

Постојано зголемување на конкурентноста на компаниите членки, унапредување на македонското деловно опкружување и зголемување на продажбата на нашите производи на глобалниот пазар

***Долгорочни стратешки цели на ССК***

1. Кампања за зголемување на членството
2. Програма за застапување на двете нивоа на власт која резултира со позитивни и ефективни промени за заштита на деловните интереси
3. Програма за комуникации која што го зголемува угледот на ССК по пат на обезбедување навремени, точни и релевантни информации
4. Активности и иницијативи кои овозможуваат поддршка на претприемништвото и ја унапредуваат конкурентноста и продуктивноста на претпријатијата членки
5. Развивање и создавање можности за вмрежување помеѓу членовите, НВО, власта, образованието и меѓународната заедница

***Целна група***

Целната група на ССК претставуваат Малите и Средни Претпријатија. Имајќи го предвид фактот дека малите и средни претпријатија се движечка сила на секоја економија и дека нивниот развој, долгорочно гледано, води кон јакнење на целокупната економија, разбирливи се заложбите на ССК за развој и поддршка на малите и средни претпријатија.

Под мали претпријатија (МП) се подразбираат претпријатијата кои според бројот на вработени се дефинираат како микро претпријатија (до 10 вработени и земјоделци), мали (50 вработени) и во одредена мерка и средните (до 250 вработени).

Развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото доби своја афирмација во македонското стопанство не само како средство за негување и унапредување на претприемнички дух, туку и за поттикнување на свеста во насока на конзистентната потреба од промени и реформи на економската сцена, како еден од главните приоритети на ССК.

Податоците покажуваат дека бројот на мали и средни претпријатија (МСП) од година во година се зголемува, со што стануваат важни креатори на општествениот производ и клучен фактор на македонската економија. Тие се основата на нашиот иден раст и просперитет. Само економија базирана на знаење води кон раст и просперитет во современото време, а единствени способни знаењето да го претворат во раст, брилијантните идеи во комерцијален успех и истражувањето во придобивка се токму малите и средните претријатија.

Покрај ова, растечкиот број на МСП го апсорбира најголемиот дел од работната сила, придонесувајќи за намалување на еден од најгорливите проблеми во земјата - невработеноста.

Во 2007 година 79% од вкупно вработените се ангажирани во секторот МСП. Иако голем број активности за унапредување на деловното опкружување и креирање на поволни услови кои ќе го динамизираат развојот на МСП се веќе реализирани, актуелните клучни предизвици пред ССК се развивање на политики и превземање на реформи кои ќе водат кон подинамичен економски развој.

Целна област

ССК ќе делува на територијата на Р. Македонија вклучувајки компани членки регистрирани само во нашата држава. Регионалното делување на ССК е овозможено преку отворањето на регионалните канцеларии. Интернационалната соработка се одвива преку соработка со релевантни институции и комори од другите држави, преку кои се отвораат можности за размена на искуства и соработка за македонските компании.

| Програмска поддршка | | |
|---|---|---|
| Активности | Показатели | Резултати |
| Изготвување и приказ на статистички податоци | Усвоени процедури за проток на информации (усвоени од УО на ССК)<br>Ажурирана веб страна и збогатена со информации во интерес на членството (потврдено 70% од членството)<br>100 компании членки потврдиле практична примена на доставените информации | Зголемена достапност и квалитет на бизнис информации и можности за членките на ССК |
| Организирање обука за лобирање за претставниците на комитетот за лобирање<br>Организирање јавни трибини за клучни теми во економијата<br>Обука за лицата вклучени во работата на УО, работните групи, групации и сектори<br>Организација на настан „Претприемач на годината“ | 30% зголемен број на поднесени инцијативи од страна на работните тела на ССК<br>Зголемен број на закони и законски акти каде учествуваат ССК во нивното креирање<br>Број на економски анализи објавени од ССК | Подобрено деловно опкружување за развој на бизнисот |
| Организирање обуки за воведување на стандарди<br>Организирање работилница за аплицирање за ЕУ фондовите<br>Организирање настани за вмрежување на членките на ССК<br>Организирање годишен саем на ССК | Повеќе од 80% од учесниците на обуките сметаат дека стекнатото заење е применливо во нивното работење<br>80% од претпријатијата кои се обратиле на комората се задоволни од добиената поддршка за извозни активности<br>Број на компании кои учествувале на меѓународни манифестации<br>Број на одржани бизнис форуми, средби со потенцијални бизнис партнери | Подобрен капацитет на членките на ССК |

| | | |
|---|---|---|
| Организирање бизнис форуми со останати комори<br>Вклучување и членство на ССК во меѓународни институции | Зголемен број на претставници од ССК кои се вклучени во државни работни групи и тела<br>ССК како член на меѓународни коморски организации/асоцијации<br>Број на преземени заеднички иницијативи | Подобрена соработка со релевантни институции |
| Организирање на обуки за односи со јавноста<br>Публикување промотивни материјали за ССК<br>Објавување промотивен ТВ спот за ССК<br>Одржување прес конференции<br>Медиумска промоција | Број на објавени статии и други ПР текстови<br>Број на организирани прес конференции<br>Публикувани промотивни материјали брошура/каталог<br>30% зголемен број на нови членки | Зголемување на свеста и промоција на коморско работење |
| Организациска поддршка | | |
| Активности | Показатели | Резултати |
| Воведување стандарди во ССК<br>Одржување обуки за стручните служби на ССК | Имплементиран стандард за квалитет со работењето на ССК<br>20% зголемен број на одржани обуки за стручните служби | Зголемен и подобрен организациски капацитет на ССК |

## *4.Што може ССК да направи за Вас*

• Консултантски услуги

• Промоција на Вашата компанија (можност Вашата компанија да биде промовирана на веб седиштето на ССК, во електронскиот информатор кој го добиваат повеќе од 1000 компании, медиуми низ целата држава, дипломати, меѓународни организации, а и промоција на настани во организација на ССК, преку брошури и каталози)

• Бизнис информации (редовно информирање на членките за заинтересирани компании за соработка, настани, саеми, бизнис посети, форуми)

• Застапување на Вашата компанија (артикулирање, процесирање и претставување на интересите и проблемите на фирмите членки пред надлежните институции)

• Вмрежување и нови деловни контакти (размена на контакт информации, организирање на редовни средби, неформални средби кои се од особено значење за меѓусебното поврзување на фирмите)

• Обуки и семинари од значајни бизнис теми

• Лобирање и успешно претставување на потребите на бизнис заедницата (учество во подготовка и давање на сугестии за предлог закони, предлог мерки за унапредување на деловната

клима, воспоставена е редовна комуникација со Владата која со поставената динамика на комуникација од еден состанок на крајот на секој месец го гарантира исполнувањето на нашата намера да ги решиме проблемите на нашите членки институционално)

Веруваме дека членувањето во ССК ќе претставува предизвик за Вас и можност за поуспешно претставување на потребите на секторот во кој работите, како и преземање конкретни активности кои ќе придонесат за негов развој.

## 5. Деловната мрежа Сојуз на стопански комори на Македонија

**Главни канцеларии:**

Адреса: ул. Прашка бр.23, 1000 Скопје
Телефон: +389 2 3091 440
Факс: +389 2 3090 595
E-mail: info@sojuzkomori.org.mk
Веб: www.sojuzkomori.org.mk

**Партнери и соработници:**

ПроКредит Банка – Банка партнер на ССК

**Регионална канцеларија:**

Регионална Канцеларија
с.Лозово (АК Џумајлија АД)
Тел: 032 458 006
Факс: 032 458 017
E-mail: azarkov@sojuzkomori.org.mk

## 6. Клубови на стопанственици

• **Охрид (Пап компани)** – ул. Даме Груев згр. Слобода бр1/11
Тел/факс: 046 265 772 и 046 265 615; e-mail: papoh@mt.net.mk

• **Тетово (Шартекс)** – ул. Маршал Тито бб
Тел/факс: 02 3066 102 и 02 3061 207; e-mail: sarteksm_ljube@yahoo.com

• **Штип (Поли Проект)** – ул. Маршал Тито бр. 77
Тел/факс: 032 391 591; e-mail: poliproekt@poliproekt.com.mk

• **Битола (Логин Системи)** – ул. Ружа Делчева бб
Тел/факс: 047 252 627; e-mail: info@loginsys.com.mk

• **Прилеп (Микросам)** – ул. Крушевски пат ББ
Тел/факс: 048 400 100 и 048 411 886; e-mail: info@microsam.com.mk

• **Гевгелија (Техноалат)** – ул. Маршал Тито бр.124
Тел/факс: 034 215 985 и 034 211 985; e-mail: technoalat@mt.net.mk

• **Струмица (Л-Д)** – ул. Младинска 55
Тел/факс: 034 346 158; e-mail: ljubica.atanasova@gmail.com

## 7. Организациона структура на Сојуз на стопански комори на Македонија

Извршен директор: ***Митко Алексов***
Заменик извршен директор: ***Виолета Ангелковска***

Координатори:
Агро-бизнис комора, Групација за производители на вино во Р.М.: ***Александар Зарков***
ИКТ комора, Комора на сметководители: ***Љупка Димоска***
Индустриска комора, Градежна комора: ***Александра Трајковска***
Услужна комора: ***Фросина Јовановска***
Трговска комора: ***Виолета Ангелковска***
Туристичко-Угостителска комора: ***Нина Ѓеоргиева***
Односи со јавност: ***Катерина Пановска***
Асистент на групација за импортери: ***Гоце Карадаков***

***Контакт:***
Адреса: ул. Прашка бр.23, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3091 440
Фах: +389 2 3090 595
e-mail: info@sojuzkomori.org.mk
Веб: www.sojuzkomori.org.mk

Издавач:
**Сојуз на стопански комори на Македонија**

Извршен директор на ССК:
**Митко Алексов**

За подготовката на Стратешкиот план на ССК придонесоа:
**Александар Зарков**
**Виолета Ангелковска**

Дизајн и печатење:
**Криеитив Хаус**

Тираж:
**100 примероци**

Адреса:
Адреса: ул. Прашка бр.23, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3091 440
Фах: +389 2 3090 595
E-mail: info@sojuzkomori.org.mk
Веб: www.sojuzkomori.org.mk